Radicalisation Awareness Network

RAN

VVT

*Working group voice of victims of terrorism*

# Приручник: Гласовите на жртвите на тероризам

Radicalisation Awareness Network
RAN
VVT
*Working group voice of victims of terrorism*

# Колофон

Овој прирачник е компилација на искуства споделени за време на состаноците на РАН ГЖТ (Гласовите на жртвите на тероризам) одржани 2012 до 2015 година. Сите жртви, организации на жртви, стручни лица и експерти, кои присуствуваа на тие состаноци, придонесоа кон овој прирачник.


**Автори**

Guillaume Denoix de Saint Marc, лидер на работната група РАН ГЖТ

Luca Guglielminetti, лидер на работната група РАН ГЖТ

Josée Netten, Foundation Impact/Arq Psychotrauma, експертска група

Group Stéphane Lacombe, AfVT

Maarten van de Donk, Секретаријат на РАН

Jerry Galesloot, Секретаријат на РАН

Pomme Woltman, Секретаријат на РАН

## Препораки на РАН ГЖТ

Овој прирачник е компилација на искуствата што се споделени за време на состаноците на Мрежата за свест за радикализација (РАН) на работната група Гласови на жртвите, одржани во периодот од 2012 до 2015 година. Работната група РАН ГЖТ разгледуваше како сведочењата на жртвите на тероризам може да бидат моќен наратив во борбата против насилниот екстремизам (БНЕ).

Овој прирачник има цел да ги расее споделените искуства со оние што се вклучени во поддржувањето на жртвите. Освен до организациите на жртвите, сака да достигне до пошироката публика: едукатори, младински работници и други професионалци што работат на БНЕ (на пример, затворски/пробациски кадар или полицијата што работи во заедницата).

Освен тоа, во овој прирачник се понудени препораки за да се поддржат процесите на донесување одлуки. Направена е разлика меѓу препораките за организациите на жртвите, оние за земјите-членки на Европската Унија (ЕУ) и оние за Европската комисија. Прирачникот нема цел да биде сеопфатен, туку да обезбеди рамка за оние што се справуваат со сведочењата на жртвите на тероризам.

### Организации на жртвите

- Грижете се за поединечните жртви. Главна цел е да им се помогне на жртвите да си ги вратат независноста и местото во општеството и да ги советува како да се справат со трагедијата што им се случила. Треба да им се обезбеди соодветна поддршка на жртвите што сакаат да имаат активна улога во БНЕ и таа треба да се понуди пред, за време на нивното сведочење и по него. Исто така, потребна е и професионална поддршка за жртвите, на пример, преку психолози, раскажувачи или педагошки експерти.
- Жртвите на тероризам се амбасадори на колективната меморија. Собирањето, снимањето и дистрибуирањето на нивните сведочења ќе ги прави видливи терористичкиот напад и неговите жртви — за оваа и за идните генерации и за да не се заборави.
- Организациите на жртвите мора да бидат (повеќе) свесни за можната улога што може да ја играат во БНЕ. Организациите треба да ги вклучат лицата што сакаат да ги бранат демократските вредности. Ако е возможно, треба да се прошири капацитетот на жртвите: многуте профили на жртви ќе го зголемат изборот на кредибилни пренесувачи на пораките за различни ситуации и низ неколку целни групи (училишта, затвори, младинска работа итн.).
- Да соработуваат и да споделуваат најдобри практики меѓу организациите на жртвите во рамките на ЕУ и надвор од неа за да се зајакне и да се подобри употребата на сведочењата.
- За да бидат ефикасни сведочењата, тие треба да се користат во поширока програма и може да се поврзат со поврзани прашања, како што се граѓанско образование, историја и критичко размислување. Се претпочитува сведочењето да започне од општа демократска перспектива и да изрази демократски вредности. Важно е во сведочењето да се вклучи

поимот на дехуманизација и јасно да се искаже дека сите сторители не се инспирирани од иста идеологија. На пример, религиозно инспирираните екстремистички напади може да водат до тоа луѓето да веруваат дека сите сторители на терористички дела се муслимани.

- Организациите на жртвите треба да определат едно лице во својата организација што ќе биде одговорно за интернетот и за социјалните медиуми. Ова лице треба да ги има потребните вештини и средства за да ги пренесува приказните и пораките на жртвите на интернет. Ова лице треба да е обучено ефикасно да ги изведува овие задачи.
- Постојано бидете свесни дека нема хиерархија на жртвите или хиерархија на страдањето. Секоја жртва заслужува признание и поддршка.
- Безбедноста на жртвата мора постојано да биде гарантирана.
- Клучно за подобрувањето на користењето на сведочењата во БНЕ се структурната и професионалната евалуација на методологијата на програмите за БНЕ.

## Земји-членки

- За жртвите на тероризам од витално значење е да им се признаат нивните права и во смисла на нивната лична благосостојба и за нивната потенцијална улога како учесници во свеста за радикализација и БНЕ. Признавањето на жртвите на тероризам по закон и во практика е клучно.
- Земјите-членки треба да ги вклучат жртвите на тероризам во развојот на политиките за БНЕ, спроведувањето и евалуацијата.
- Да се признаат и да им се олесни работата организациите на жртвите. Земјите-членки може да промовираат социјална кохезија меѓу граѓаните и жртвите, со олеснување на развојот на здруженијата на жртвите на тероризам. Иако е најважна независноста на организациите, организациите на жртвите може да бидат поддржани од владите. На пример, со обука за употреба на интернетот и на социјалните медиуми, со олеснување на нивниот влез во образовниот систем. Освен тоа, и со унапредување на соработката и на ангажманот на различни локални, национални и меѓународни организации што се справуваат со темата на БНЕ, дури и со обезбедување на потребната инфраструктура и (човекови) ресурси. Постапувајте еднакво со сите жртви на тероризам и со нивните организации; не правете дискриминација.
- Поддржете ја пораката изнесена од организациите на жртвите. Обезбедете организациите на жртвите да имаат пристап до сервисите за јавна комуникација (на пример, национални радиодифузери) и да ги поддржат нивните комуникациски проекти и активности. Поконкретно за ова, потребна е поддршка на комуникацијата. Како помали НВО, повеќето без специфична професионална поддршка, организациите на жртвите на тероризам често имаат проблем да го привлечат медиумското внимание, особено кога се натпреваруваат со гласовите на организациите со големи финансиски и човекови ресурси што сакаат да влијаат врз јавното мислење.

## Европска комисија

- ЕУ треба да го признае и да го поддржи учеството на жртвите и на организациите на жртвите во БНЕ (политиката). Потребна е глобална општа свест на ниво на ЕУ за да се поврзе политиката на земјите-членки за поддршка на жртвите на тероризам.
- Јавните повици на ЕУ за БНЕ треба да го промовираат вклучувањето на организациите на жртвите и на жртвите. Тие треба да се пофлексибилни и отворени кон малите организации што сакаат да се пријават.
- Признавањето и поддршката на комеморативните настани за зајакнување на заедничката меморија, социјалната кохезија и на демократските вредности. Ова треба да е еден од принципите на европската БНЕ. На пример, Европскиот ден за паметење може поинаку да се организира: појавно, поотворено кон медиумите, со вклучување на граѓанското општество (едукатори, млади итн.), повеќе владини функционери и членови на Европскиот парламент. Исто така, земјите-членки може да организираат и да официјализираат национален ден за паметење, во соработка со организациите на жртвите.

Radicalisation Awareness Network
RAN
VVT
*Working group voice of victims of terrorism*

# Содржина


**Поглавје 1 Вовед . . . . . . . . . . 7**

1.1 Жртви и организации на жртвите како придонесувачи во борбата против насилен екстремизам (БНЕ)Е . . . . . . . . . . 7

1.2 Цел на овој прирачник . . . . . . . . . . 8

1.3 Структура . . . . . . . . . . 9

**Поглавје 2 Состојба на жртвите на тероризам и организациите на жртвите . . . . . . . . . . 9**

2.1 Контекст . . . . . . . . . . 9

2.2 Важно да се знае . . . . . . . . . . 11

2.3 Подготвување на жртвите да го раскажат своето сведоштво . . . . . . . . . . 13

**Поглавје 3 Сведоштва на жртвите на тероризам . . . . . . . . . . 15**

3.1 Варијабли во процесот на комуникација . . . . . . . . . . 15

3.2 Ефект на сведоштвата . . . . . . . . . . 15

3.3 Директни сведоштва . . . . . . . . . . 16

3.4 Индиректни сведоштва (фотографии/филм/хартија) . . . . . . . . . . 17

3.5 Насоки за користење на сведоштвата . . . . . . . . . . 18

3.6 Интернетот и социјалните медиуми . . . . . . . . . . 20

**Поглавје 4 Како да се справат со медиумите . . . . . . . . . . 22**

4.1 Содржина . . . . . . . . . . 23

4.2 Форма . . . . . . . . . . 24

4.3 Подготовка . . . . . . . . . . 25

4.4 Медиумски односи . . . . . . . . . . 26

**Поглавје 5 Соработка со претходни престапници . . . . . . . . . . 27**

5.1 Моќта на двете страни на монетата . . . . . . . . . . 28

5.2 Предуслови за соработка . . . . . . . . . . 28

# Поглавје 1 Вовед

## 1.1 Жртви и организации на жртвите како придонесувачи во борбата против насилен екстремизам (БНЕ)Е

**Жртви на тероризам: дефиниција**

Во меѓународното право нема јасна дефиниција на „жртва на терористички акт“.

Сепак, во член 1 во Декларацијата за основните принципи на правда за жртвите на кривични дела и злоупотреба на моќ на Генералното собрание на ОН (во понатамошниот текст Декларацијата на ОН од 1985 година) постои дефиниција на „жртва“:

1. „Жртви“ се лица што посебно или заедно преживеале штета, вклучително физичка или ментална повреда, економска загуба или значително попречување на нивните фундаментални права, преку дела или пропусти што се повреда на кривичните закони што важат во рамките на земјите-членки, вклучително оние закони што пропишуваат кривична злоупотреба на моќ.
2. Едно лице може да се смета за жртва според оваа Декларација, без оглед на тоа дали сторителот е откриен, фатен, обвинет или осуден и без оглед на фамилијарната врска меѓу сторителот и жртвата. Терминот жртва, исто така, вклучува, каде што е соодветно, семејство или членови на семејството за кои е одговорна жртвата и лица што настрадале затоа што сакале да им помогнат на жртвите во опасност или за да спречат тие да бидат жртви.
3. Одредбите што се содржани овде се применуваат за сите, без оглед на раса, боја, пол, возраст, јазик, религија, националност, политичко или друго сфаќање, културни верувања или практики, имот, раѓање или семеен статус, етничко или социјално потекло и попреченост.

Дополнително, според Препораката 2006(8) за помош на жртвите на кривични дела, на Комитетот на министри на земјите-членки во рамките на Советот на Европа, терминот „жртва“, исто така, ги вклучува, каде што е соодветно, семејството и лицата-зависници од директната жртва.

Жртвите на тероризам имаат општо искуство: ги споделуваат личните чувства и страдања што следуваат по терористичкиот напад. Сепак, околностите се различни. На пример, некои жртви се под закана повторно да станат жртви. Некои успеале да продолжат со животот, други не. Покрај тоа, може да се разликуваат и политичката ситуација во земјата или во регионот, јавното мислење за конкретен терористички чин/ситуација, терористичкиот напад и културната, како и историската ситуација. Прашање е како да се користат гласовите на жртвите во борбата против насилен екстремизам?

Многу жртви на тероризам сакаат да учествуваат во позитивни акции, да спречат повторно да се случи тоа што веќе се случило. Некои може ќе организираат ден за паметење во чест на жртвите на терористички напад, а други ќе оберат да работат со жртвите од други напади или во рамките на заедницата. Во рамките на целите на РАН, жртвите на тероризам се

сметаат за кредибилни гласови за болните човекови последици на насилниот екстремизам и тероризам. Жртвите се претставници и амбасадори на јавната меморија. Овој глас може да понуди силен наратив заради создавањето свест за радикализацијата и спречувањето на насилниот екстремизам. Сведоштвата на жртвите може да провоцираат размени и на целната публика да ѝ дадат можност да реагира на приказната и да се поврзе со неа.

Мисијата на РАН ГЖТ е да се слушнат жртвите, да се разберат нивните позитивни вредности и да се зајакне нивната улога за да се користи како алатка за лицата да станат свесни за опасностите од тероризам и од насилен екстремизам. Жртвите се претставници на тоа што е последица од терористичкиот чин врз животот на обичните граѓани. Оваа порака треба да се рашири на најефикасен начин за да се спречат луѓето да се занесат да ги прифаќаат или воопшто да не реагираат на радикалните движења или пропаганда.

Деликатен предизвик е пренесувањето на сведоштвата на жртвите пред јавноста или пред конкретна фокус-група, од една страна, и заштитата на интересите и на благосостојбата на жртвите (организациите), од друга страна. Предвид мора да се земат етичките, правните, политичките и академските фактори. Барајќи добра практика и пристапи, вклучително и академски специјалисти и останувајќи иновативни, РАН ГЖТ се обидува да постави нови стандарди за да се слушнат гласовите на жртвите. РАН ГЖТ ги унапредува овие стандарди и помага да се расеат сведоштвата.

Претставувањето на сведоштвата пред публиката е комплексен процес и ефектот зависи од многу варијабли. Сведоштвата се во различни форми: директни сведоштва лице в лице; и индиректни сведоштва раскажани преку слика, филм, интернет и социјални медиуми. Не одлучува само приказната — има и други важни елементи: како е раскажана приказната, од кого, каде, преку каков канал, со која цел и пред која публика. Прашањето на ефикасност може да се разгледа од различни перспективи и од различни актери (целната група, раскажувачите, медијаторот итн.).

## 1.2 Цел на овој прирачник

Овој прирачник ги собира искуствата што се споделени во текот на состаноците на РАН ГЖТ во периодот од 2012 до 2015 година. Работната група РАН ГЖТ дискутираше за тоа како да ги направи сведоштвата на жртвите на тероризам можен наратив во БНЕ.

Цел е да се пренесат споделени искуства и да се поддржат не само жртвите и организациите на жртвите туку и пошироката јавност: едукатори, младински работници и други професионалци што работат на спречувањето или на борбата против насилен екстремизам (на пример, затворски/пробациски персонал или полиција што работи во заедницата).

Во прирачникот се понудени практични насоки како да се подобри ефикасноста на директните и на индиректните сведоштва и потребните предуслови, но и како да се справат со медиумите како жртва (или организација) и како да се соработува со претходните престапници. Користењето на сведоштвата на жртвите е сензитивно прашање, со многу

варијабли. Поради тоа, овој прирачник не треба да се смета за сеопфатен и користењето на сведоштвата треба секогаш да биде направено според околностите.

### 1.3 Структура

Прирачникот почнува со опишување на контекстот и на ситуацијата на жртвите на тероризам и нивните организации за да се разбере подобро што треба да се преземе пред жртвите да придонесат во БНЕ (Поглавје 2). Потоа следува опис на различните сведоштва што се искористени за да се подигне свеста и да се спречи насилниот екстремизам, како и нивната ефикасност. Се прави разлика меѓу директните и индиректните сведоштва и се нагласува употребата на интернетот и на социјалните медиуми (Поглавје 3). Жртвите и организациите на жртвите честопати се повикуваат преку медиумите, особено по терористички напад. Поради тоа, Поглавјето 4 е посветено на справувањето со медиумите, одговарањето на барањата на медиумите и на добивањето на медиумско внимание. Потенцијалната соработка со жртвите или со поранешните престапници и предусловите за соработка за БНЕ се нагласени во Поглавје 5.

## Поглавје 2 Состојба на жртвите на тероризам и организациите на жртвите

### 2.1 Контекст

Најважна цел на РАН ГЖТ е да се помогне во борбата против радикализацијата што води до насилен екстремизам. Сепак, клучно е да се воспостават фундаментални стандарди за правата, поддршката и за заштитата на жртвите на тероризам, со оглед на тоа дека признавањето на овие права е предуслов ако тие имаат клучна улога во зголемувањето на свеста за насилниот екстремизам. Суштинско е признавањето на правата на насилен тероризам, иако тоа не е примарен фокус на овој прирачник.

Дали една жртва или организација на жртви[1] може да има улога во програмата за спречување насилен екстремизам зависи од нивната лична и емоционална состојба, од ефикасноста на организацијата на жртвите и од подготвеноста на раскажувачот и примателите. Политичката, културната и историската состојба на државата е подеднакво важна. Организациите на жртвите може да станат централна контакт-точка за оние што се погодени од тероризам со граѓанските организации и владините тела (локални, регионални и национални). Истовремено, таквата организација може да биде нивен портпарол пред јавноста.

За да се поддржат или да се соработува со жртвите на тероризам и со нивните организации, клучно е да се разберат специфичните околности и динамиката, веднаш по настанот или

[1] Терминот „организации на жртви“ во овој документ значи организации, здруженија, групи за самопомош, групи за поддршка и групи на интереси.

многу години подоцна. Колку што ќе ги разбереме подобро, толку подобро ќе може да го унапредиме процесот на закрепнување и ќе донесеме правда во случајот — и на тој начин повеќе организации ќе може да ја подигнат свеста за насилен екстремизам. Поради тоа, од суштинско значење е да се поддржат таквите групи за да им помогнат на луѓето да се справат со трагичните околности и да си ја вратат својата независност во општеството. Тоа значи дека жртвите и нивните роднини ќе ја добијат целата емоционална, психолошка и практична поддршка што им е потребна за да закрепнат.

Клучни предуслови се правната заштита, еднаквоста меѓу жртвите и независноста од власта. Да се биде независен не значи да се нема волја за соработка. Кога се споделени целите, како што е борбата против насилниот екстремизам, ова дури се смета и за неопходно.

Покрај тоа, владите треба да ги поддржуваат жртвите и формирањето организации на жртвите. Олеснувањето може да биде во различни форми: на пример, тоа може да значи финансиска поддршка или помош со посебно бараната експертиза. Властите (на локално, регионално, национално и на европско ниво), исто така, може да понудат платформа, да обезбедат дека организациите може да пристапат до службите за јавни комуникации и да ги поддржат нивните комуникациски проекти и активности. Институциите што се финансирани или во сопственост на државата, како што се училиштата, треба да бидат силно охрабрени за да бидат отворени за сведоштва за БНЕ. Таквата поддршка не значи согласност за сите теми (всушност, некогаш властите и организациите на жртвите може да имаат спротивни ставови). Сепак, треба да се одржува заемната почит.

На крајот, клучно е властите да ги признаат сите жртви на тероризам, без оглед на политичката, идеолошката, религиозната природа на тероризмот  што ги погодил. Дискриминацијата меѓу групите на жртви погодени од различни терористички инциденти може да предизвика нарушување и да ги намали социјалната кохезија и капацитетот на организациите за борба против насилен екстремизам.

Проектот „Преживеани за мир“ од Фондацијата за мир Тим Пери и Џонатан Нол (Обединето Кралство) на жртвите на политичко насилство и на тероризам им обезбедува виртуелна и реална мрежа, каде што посветените службеници одржуваат комуникациски платформи, како и програми со активности во кои може да учествуваат преживеаните, по интензивни интервјуа еден на еден.

Преживеаните (вклучително членови на семејството и поранешни престапници) поминуваат интерактивно неформално учење и добиваат поддршка во Центарот за мир, кој е формиран за таа цел, како и на други места за да им се помогне да се справат и да закрепнат од она низ што поминале. Преку сесии за живеење со траума и споделување искуства преживеаните се обучуваат и се поддржуваат да започнат сопствени активности на застапување и лидерство, честопати сеќавајќи се и зголемувајќи ја свеста за влијанието на насилниот екстремизам за тој да биде помалку присутен во иднина.

Преживеаните, обучени и поддржани, исто така, го олеснуваат обезбедувањето обука за критичен инцидент од специјалистичкиот тим.

Дополнителните активности вклучуваат дијалог, при што преживеаните се охрабрени да се среќаваат со поранешните престапници или со претставниците на „другата страна“ заради заедничко хуманизирање и прекинување на кругот на насилството.

Види на интернет: http://www.foundation4peace.org/

## 2.2 Важно да се знае[2]

Сите жртви не сакаат да сведочат, а сите не се ни способни за тоа; во таков случај не треба да бидеме критични или да донесуваме брзи одлуки. Раскажувањето на сведоштвото како жртва е емоционално тешка задача. Поради тоа, организациите на жртви што работат на БНЕ треба да работат само со жртви што сакаат и можат да се вклучат во спречувањето насилен екстремизам како говорници, автори, организатори итн.

Жртвите мора сами да се справат со своите лични последици (психолошки и физички) од минатото, а тоа е нешто што мора да се земе предвид. Жртвите што ги споделуваат своите приказни имаат различни причини и мотиви за да го направат тоа. Раскажувањето на сведоштвото како жртва е емоционално тешко: тие сакаат да заборават на тоа. Дури и ако има поддршка, луѓето привремено или трајно може да престанат да раскажуваат: на пример, можеби не се способни да се справат со задачата или можеби не се задоволни од начинот на кој се постапува со нив. Организациите на жртвите треба да гарантираат дека жртвите нема да бидат повторно жртви како резултат на нивното сведоштво. Тие што јавно ќе зборуваат треба да добијат помош во справувањето со траумата што е дел од овој процес.

[2] Guidebook, Together we are smarter and stronger! (2008) Ms I. Cancrinus and Ms J. C. M. Netten MSc, MA. Impact.

## Жалење

Жртвите морале да се справат со ужасни ситуации. Животите им се превртеле наопаку и никогаш веќе нема да им се исти. Можеби претрпеле огромна загуба: некој сакан, физичкиот интегритет, работата, иднината, па дури и вербата во животот и во светот. Накратко имаат многу работи за кои жалат и емоции со кои треба да се справат; потребно е и првно и социјално признавање и емоционална и практична поддршка и информации. Како што беше кажано претходно, организациите на жртвите на тероризам може да помогнат во процесот со обезбедување информации (од правни прашања до адреси на специјализирани терапевти), советување, насоки, признавање, поддршка итн.

Жалењето е индивидуален, личен и уникатен процес; секој жали и изразува тага на свој начин. Жалењето не влијае само врз членовите на семејството туку и врз пријателите, соседите, колегите, па дури и врз нацијата. Организациите треба да се особено свесни за различните потреби, стапките на закрепнување и начините на изразување болка и тага меѓу младите, децата, младите возрасни, родителите, браќата, сестрите и преживеаните.

## Отпор

Човековата историја содржи многу шокантни и насилни периоди: војни, катастрофи и несреќи, сите влијаеле врз поединецот и општеството во многу области. Сепак, преку страдањето и последиците од таквите настани, луѓето откриле колку се отпорни. Во многу случаи луѓето може да ги издржат и најтешките околности и да закрепнат; веднаш штом ќе најдат сила да се издигнат над несреќата. Кругот на познајници — најблиската и поширoката фамилија, пријателите, соседите, клубовите и религиозните заедници — може многу да помогнат во ваков случај. Слушател што сочувствува и понудата на практична помош може да му помогнат на погоденото лице да се чувствува помалку изолирано по катастрофата, а за возврат може да ги мотивира и да ги охрабри жртвите да ја зголемат својата отпорност.

## Да се биде жртва

Да се биде дел од организацијата на жртвите и да се дадат сведоштва е бесценето и може да има позитивен ефект кај многу луѓе, вклучително и во процесот на закрепнување. Сепак, во многу мал број случаи постои ризик тоа што некој бил жртва да го ослабело, а не да го зајакнало поединецот. Тоа значи дека тие се идентификуваат до страшен степен (сѐ повеќе или целосно) со терористичкиот чин и последиците не оставаат простор за други аспекти од (нивниот) живот. Тие остануваат фокусирани на сите проблематични и болни аспекти од инцидентот, дури и по подолг период и може да биде многу тешко, па дури и невозможно за нив да гледаат во иднината и да се фокусираат на закрепнувањето, а за возврат тоа ги прави зависни и пасивни. Клучно за организацијата на жртвите на тероризам е да бидат свесни за ова и да ги утврдат таквите случаи и да ги охрабрат овие луѓе да побараат професионална помош (ако не ја обезбедува организацијата на жртвите) и да се обидат да постигнат нов баланс. Во такви случаи може да биде контрапродуктивно да се користат нивните пораки за спротивставување на насилниот екстремизам затоа што ова може да ги ослаби, а не да ги зајакне во процесот на закрепнување.

### Хиерархија на страдање

Вообичаена човекова карактеристика е лицето да ја споредува позицијата или ситуацијата со нечија друга: дали сме подобри, побогати, поважни и помоќни итн. или сме во полоша состојба? Оваа тенденција често може да создаде забележан феномен кај жртвите: хиерархија на страдање; кој страда најмногу. Жртвите може - имплицитно или експлицитно - да ја споредуваат својата ситуација, оценувајќи кој може повеќе да се смета за жртва и затоа да заслужува повеќе внимание, признание и поддршка.

Страната што се смета помалку за жртва може да мисли дека има помалку право на помош. Тешко се справува со ваква ситуација, ноа признавањето на ваквото однесување, сепак, може да помогне да се контролираат таквите процеси. Хиерархијата на страдање може да спречи жртвите да посегнат по помош и да ја прифатат, а оние што даваат помош да ја дадат помошта таму каде што треба.

### Раскажување на приказната во БНЕ

Вообичаено приказните на жртвите се проучуваат и се анализираат со користење на „терапевтско раскажување“ — метод на надминување на траумата на жртвите и на заедниците. Главна целна група за раскажувањето е самата жртва: да ѝ се овозможи да зборува за тоа што се случило за да се надминат менталните блокади. „Специјалистите за ментално здравје, сестрите за ментално здравје, психијатрите и авторите долго зборуваат за придобивките од литературата, експресивното пишување, терапевтското раскажување и поетската терапија за менталното здравје на пациентите во клинички услови“[3]

Еден интерес е во промената од клинички, здравствени и од заштитни димензии во јавни, политички и педагошки: кога раскажувањето станува начин да се зајакнат граѓаните давајќи им глас. Во овој случај улогата на раскажувањето е повеќе од катарза; тоа е и начин за трансформирање на потиснатата приказна во нова споделена национална историја, како што беше случај со преживеаните од апартхејдот во Јужна Африка или преживеаните од нацистичките концентрациони логори во Европа.

## 2.3 Подготвување на жртвите да го раскажат своето сведоштво

### Предуслови

Голем број организации ги поддржуваат жртвите кога се подготвуваат за сведоштво. Подготовката е клучна заради личната безбедност, ефикасната порака и добрата средина во која се случуваат сведоштвата.

Предуслов за успешно подготвување е постоењето на доверба меѓу жртвата и организацијата на жртви. Исто така, потребна е позитивна отворена атмосфера. Прв чекор е да се воспостави

3 Enhancing Counter-Terrorism Strategies Through Visual Storytelling Techniques and Community-Empowered Ethnographies, by Sudha ARLIKATTI and Melinda LEVIN, in Counter Terrorism in Diverse Communities, S. Ekici (Ed.) IOS Press, 2011.

врска исполнета со почит. Потребно е време за да се отворат луѓето. Од суштинско значење е да се создаде топла атмосфера и доволно време за разговарање, споделување искуства и слушање едни со други.

Ќе помине одредено време додека луѓето се подготват да ги репродуцираат своите приказни. Жртвите повторно ќе го оживеат своето искуство и ќе ја изразат својата тага. Првите разговори ќе бидат за тоа што се случило и ќе вклучуваат детали за настаните. Потоа ќе следуваат дискусии за сторителот и за семејството на жртвата и за нејзините чувства. Сепак, процесот не завршува по неколку разговори. Преку денови за тим-билдинг, размена на приказни со други жртви, зборување со советник и започнување лични контакти и пријателства може да се создаде мрежа за поддршка и да се поттикне долговечна соработка. Ова е неопходно затоа што само ако некого го познаваш доволно добро, можеш да го заштитиш и да почувствуваш кога ги достигнал своите граници. Освен тоа, градењето мрежа на жртви на тероризам може да им биде од корист на жртвите затоа што им се помага со споделување искуства и со приказни на други жртви.

Покрај овој процес, жртвите треба да се обучат[4] да се справат со неколку прашања:

- како да ја раскажат својата приказна;
- како да се справат со сопствените емоции при раскажувањето на својата приказна;
- како да се користат предметите, сликите и аудиовизуелниот материјал;
- како да се приспособи приказната на специфична целна група, на пример, млади;
- како да се справат со тешки прашања;
- како да се справат со публика што е непријатна;
- како да се раскаже приказната како дел од универзална поширока порака.

## Во училиштата

Кога жртвите одат во училиштата за да го раскажат своето сведоштво, тие или нивната организација мора прво да го посетат училиштето и да го сретнат наставникот. Пред сведоштвото, на младите треба да им се дадат релевантни информации и да се вклучат во дискусијата на темата (да се добие увид). Младите мора однапред да се информирани, предизвикани и мотивирани затоа што некои може да се срамежливи, исплашени или незаинтересирани за темата. Учениците и студентите може да состават листа на можни прашања што може да се подредат според факти, лични искуства, мислења итн. За раскажувачот ќе биде особено корисно да ги види прашањата од учениците пред настанот за да добие идеја за проектот и за публиката.

На крајот, клучно е училиштето да разбере дека тие (заедно со организацијата на жртвите) се одговорни за жртвата по состанокот со младите. Навраќањето на стресниот настан предизвикува силни емоции и наставниците и училишниот кадар треба да издвојат време за да ѝ се заблагодарат на жртвата.

[4] Многу од деловите од обуката може да се најдат во овој прирачник, но сè уште не е развиена обука во рамките на РАН.

На училишниот кадар му се потребни насоки  за справување со можните прашања и за справување со предизвикувачкото однесување (ако е длабоко емотивно или спротивно). Подготовката, исто така, вклучува и ставање на раскажаното во контекст, на пример, интегрирање на програмата во наставата за граѓанско образование, филозофија или историја. Темите треба да се поврзат со интересот на младите за да се задржи нивното внимание и да се поттикне љубопитност, на пример, за да се разберат подобро странските култури, глобализацијата итн. Кога програмата е дел од наставата, ќе има поголем континуитет и поширока опфатеност на програмата, а сведоштвата ќе станат појасни за учениците. На крајот, програмата треба да се следи, а резултатите да се евалуираат (од организацијата на жртвите и училиштата, па дури и од експерти на поакадемско ниво) за да се дозволат предложени оценувања, приспособувања и подобрувања.

# Поглавје 3 Сведоштва на жртвите на тероризам

## 3.1  Варијабли во процесот на комуникација

Прикажувањето на сведоштвата пред публика е комплексен процес и ефектот зависи од многу варијабли. Сведоштвата се во различна форма: директни сведоштва лице в лице; и индиректни сведоштва раскажани преку фотографија, филм, интернет и социјални медиуми. Не одлучува само приказната - има и други важни елементи: како се раскажува приказната, од кого, каде, преку кој канал, со која цел и пред која публика. На прашањето за ефикасност може да му се пристапи од различна перспектива и од различни актери (целната група, раскажувачите, медијаторот итн.).

Има теми за начинот на кој гласот на жртвите може да стане ефикасен во работењето на спречување, како што се образование, социјални и бихевиористички науки, убедувачка комуникација, млади и медиуми, па дури и маркетинг. При користењето на сведоштвата клучно е да се биде свесен за комплексниот комуникациски процес и за варијаблите што играат улога во овој процес.

## 3.2  Ефект на сведоштвата

Еден од работните елементи на сведоштвата на жртвите на тероризам е фактот дека луѓето имаат тенденција да се поврзат со нив. Сведоштвото работи преку хуманизирање на темата, оставајќи ги зад себе строго фактичките елементи (број на починати, опис на околностите итн.). Личните приказни на жртвите имаат два ефекта. Тие им даваат лице на оние што биле нападнати и нагласуваат дека може да бидат погодени обичните луѓе и како тие се справуваат со шокантни и ужасни ситуации. Колку што повеќе се гледа на жртвите како на „еден од нас“, толку е поголемо влијанието на нивната порака врз публиката. Овој ефект ќе се зголеми ако жртвите ги раскажат своите приказни во својата заедница.

Раскажувањата на жртвите се достапни за училиштата, центрите во заедницата, НВО и за локалните власти. Овие фактори може да ја забележат перспективата на жртвите во нивното раскажување за насилниот екстремизам. Фокусирањето исклучително на сторителите без да се покажат последиците од нивните дејства може да внесат гламур и романтизам на страната на сторителите кај групите што се склони кон радикални пораки. Локалните фактори може да бидат повеќе во тек со локалната (политичка) ситуација, каде што може да се појавува процес на радикализација. Ова нуди можности конкретно да се бараат вистинските сведоштва во вистинското време во вистинската ситуација и кон вистинската целна група или публика.

„Сведоци на историјата“ (Австрија), проект Сестри против насилниот екстремизам (Sisters Against Violent Extremism (SAVE), ги запознава младите во текот на годините кога се оформуваат со реалноста од идеологиите на насилниот екстремизам и претставува алтернатива на одмаздата. Личните приказни полесно доаѓаат до публиката отколку официјалните говори и апстрактните анализи. Како жртви и преживеани, тие зборуваат од позиција на автентичност и морален авторитет и со лично убедување.

Филмовите „Сведоци на историјата“ им даваат хуманост на трагичните терористички напади и создаваат скриен противбаланс на екстремистичката пропаганда.

Личните приказни на жртвите, чие искуство на тага и загуба ги направило посилни и способни да заземат позитивен став, може да помогнат да се избришат линиите меѓу размислувањето „црно и бело“. Тие засадуваат сомнение во умовите на оние што размислуваат за поддршка на насилството или кои немаат алтернативи. Тоа е искрен пристап: да се развие критичко размислување како нешто што ќе одвраќа од радикализација.

Види на интернет: http://www.women-without-borders.org/projects/37

## 3.3 Директни сведоштва

Директните сведоштва се сведоштва на жртвите раскажани пред специфична публика, на пример, пред млади лица во училиште. Физичкото присуство на жртвата што раскажува лична приказна влијае врз публиката. Има заемен контакт меѓу испраќачот и примачот на сведоштвото, па публиката ги чувствува искреноста, емпатијата и хуманата порака. Жртвата може да контролира како и што се раскажува. Дискусијата е дел од сведоштвото. Жртвата може да одговара на прашања и да учествува во дискусијата. Ефикасноста на сведоштвото во голем дел зависи од тоа како е раскажано од жртвата. Ставот и расположението на жртвата влијае врз сведоштвото и со тоа врз јавноста. Ризиците за жртвата што директно го раскажува сведоштвото се можна последица на ослободувањето на траумата, можни предрасуди и да биде преплавена од емоции.

Omagh Support and Self Help Group (OSSHG) (Обединето Кралство) организира проекти за раскажување приказни во училиштата за да се зголеми свеста од влијанието на радикализацијата. Тие велат дека луѓето се особено подложни и мора да научат повеќе за активното граѓанство, социјалната интеракција, културната разновидност итн. како дел од граѓанското образование во училиштата.

организациите на жртвите (и жртвите)Види на интернет: http://www.omaghbomb.co.uk

## 3.4 Индиректни сведоштва (фотографии/филм/хартија)

Индиректните сведоштва на жртвите на тероризам ја претставуваат приказната на жртвата без таа да биде физички присутна, на пример, преку филм или книга. Предноста е што може да се дојде до поголема публика со помал напор и може да се додадат визуелни и аудиоефекти. Сепак, овој метод има предизвици: непозната ефикасност на сведоштвата како дел од контракомуникацијата против насилен екстремизам, губење контрола над пораката и/или нејзина можна злоупотреба и недостиг на повратна реакција.

Индиректните извори, како книги, слики или филмови, може да раскажат целосна приказна од различна перспектива. Ова може да се смета за провокација за публиката. Барањето емоционално ниво за да се пројави емпатија кај публиката би ја поддржало пораката на сведоштвата. Групната динамика може да се користи на позитивен начин за време на дискусијата на индиректен извор, ако е добро подготвена и водена.

Индиректните извори на сведоштва може да се комбинираат со студиски посети на музеи, на споменик за комеморација или на место каде што се случил напад. Освен тоа, корисно е ако програмата е поддржана од портал или од интернет-страница што содржи релевантни и дополнителни документи, фотографии, видеа итн. Во секоја земја може да се направи збирка на (ин)директни извори на сведоштва за да се користат во нејзините национални програми и во училишната настава.

Associazione Italiana Vittime del Terrorismo e dell'Eversione Contro l'Ordinamento Costituzionale dello Stato (AIVITER) (Италија) воспостави модул за обука за образовниот систем за да се зголеми свеста за екстремистичкото насилство и да се унапреди активното граѓанство меѓу младите.

Се користат приказните и директните и индиректните сведоштва на преживеаните, членовите на семејството и на жртвите на тероризам. Поаѓајќи од тековните предизвици на тероризмот, сведоштвата и мултимедијалните инструменти на приказните на жртвите се користат за да ги одразат поврзаните настани во италијанската историја; тие ги зголемуваат свеста и информациите/познавањето на националниот тероризам и на историските и културните корени. Свеста за употребата на насилство во политиката за опасноста од вклучувањето во насилен екстремизам ги поттикнува младите да развијат критичко размислување.

Освен тоа, раскажувањето од преживеаните/жртвите во прво лице и јавно им дава сила и ги зголемува нивната отпорност и нивниот социјален статус и улога.

Види на интернет: http://www.vittimeterrorismo.it

Има потреба од повеќе различни сведоштва затоа што различни луѓе раскажуваат различни приказни и настани. Различни сведоштва значи повеќе избор кога се бара нешто соодветно за специфична целна група.

## 3.5 Насоки за користење на сведоштвата

При користењето на сведоштвата на жртвите на тероризам за борба против насилниот екстремизам се применуваат некои насоки, како што е опишано подолу.

- Помалку е корисно издвоеното изолирано сведоштво. Сведоштвата треба да се дел од поголема програма и да се интегрираат во образовниот систем и во граѓанското општество за социјална поддршка и сесии за обучување што се наменети за непосредните стручни лица, локални/национални кампањи, НВО, затворски персонал и едукатори.
- На жртвите им се препорачува да работат заедно со организацијата на жртвите. Организациите на жртвите може да поддржуваат, подготвуваат, координираат и да обучуваат жртви за да го раскажат своето сведоштво пред одредена публика. Ако работат сами, тоа може да биде на штета на жртвата и дури може да ѝ наштети на каузата на борбата против насилен екстремизам. За да бидат ефикасни и да се заштитат, жртвите мора да работат со стручни лица и со други жртви со кои може да го споделат искуството и да разговараат за нивните прашања, сомненија, потреби. Ако жртвата е сама, таа може да се чувствува изолирано и има повеќе шанси да прати агресивна или нервозна порака што може да биде контрапродуктивна за БНЕ.
- Мотив за раскажување на приказната не треба да биде ниту ценењето ниту признавањето. Треба да постои поширока цел.
- Сведоштвата се фокусирани на специфична цел за специфична публика.

- Кај сведоштвата треба да има и рефлектирање (да се погледне station наназад и да се научи од минатото), со цел да се направи разлика во сегашноста и во иднината.
- Клучно е да се заштити квалитетот на сведоштвото и да се ажурира.
- Политичкиот контекст на наративот не треба да биде најважен; најгоре треба да бидат историскиот и демократскиот контекст и процес. Жртвата не треба да ја убедува или да ја индоктринира публиката. Преку раскажувањето и нивното патување жртвата има цел да ги одрази демократските вредности и виртуозниот круг на дијалог и заемна почит. Жртвите создаваат и критичко размислување. Главна цел не е публиката да се согласи или да постигне компромис, туку да слушне за вистинското искуство и да реагира на содржината (фактите) и на емоциите. Секако, може да се изразат политички размислувања, но ова не треба да биде централно во приказната.
- Кога личната приказна се однесува на основните принципи на демократијата, жртвата може да го направи раскажувањето посилно пред младите. Со користењето на принципите на демократијата, има поголемо едукативно влијание.
- Имајте предвид дека сведоштвата може да имаат контрапродуктивни резултати: на пример, луѓето може да чувствуваат дека нивната идеологија или радикални мислења се потврдени. Имајте предвид дека злоупотребените сведоштва може да имаат контрапродуктивни резултати за да оправдаат неприфатливи идеи, како што се расизам, теории на заговор, оправдување на тероризмот.
- Сведоштвата треба да се фокусираат на приказната на жртвата, а не на минатото или на целта на сторителот.
- Оставете доволно време за дијалог.
- Работете во мали групи.
- Како гостин-говорник, немојте да се изгубите во сопствената приказна и не зборувајте предолго. Оставете простор и за конверзација.
- Приказната треба да го нагласи човековиот аспект и да биде раскажана со емпатија.
- Може да се користи формулар за евалуација заради подобрување на наративот.
- Ако во едукативната програма се вклучат сведоштвата, започнете во рана фаза. Во раната фаза на адолесценцијата, младите истражуваат форми на идентитет, подложни се на влијанија и ги примаат тековните настани и нивните последици за општеството. Кога децата експериментираат со идентитетот, оваа фаза на личен развој е од голем интерес. Тогаш е важно приказната да се приспособи на публиката и да ѝ се помогне да развие капацитет за критичко размислување.
- Едукативните програми што ги користат сведоштвата на жртвите може да им помогнат на младите да ги добијат потребните знаење и вештини за да може активно да учествуваат во демократското општество и да се трудат со мирно решение да решат конфликт. Тие помагаат да се создаде клима на демократија и да се предизвикаат насилството, расизмот, нетолеранцијата итн. Дидактичките и педагошките (едукативни) програми треба да провоцираат критичка анализа и размислување кај младите. Повеќе корисни забелешки за едукаторите и за училиштата во областа на спречување на радикализацијата се наведени

во Manifesto for Education — Empowering educators and schools (Манифест за образование - Зајакнување на едукаторите и на училиштата) од РАН ПРЕВЕНТ.[5]

- Кога жртвата ќе стане финансиски зависна од исплатите за сведоштвото, тоа ги прави околностите сомнителни. Жртвите се сведоци и искрени гласови. Тие мора да се поддржат и да им се покријат трошоците. Но ако им се плаќа секојпат кога ќе го раскажуваат сведоштвото, тоа станува бизнис и може да има контрапродуктивна конкуренција меѓу жртвите.

> Critical Mass (Холандија) патува низ училиштата со пет морски контејнери, спакувани со „искуства“. Во интимна атмосфера студентите се охрабруваат да ги проверат своите пријатели. Кои се тие и како станале тоа?
>
> Целта на FRIEND&FOE е на (младите) луѓе, студенти и на нивните наставници да им се дадат алатки за да се справат со конфликтот на конструктивен начин, во нивниот личен живот и во општеството и активно да го спречат ширењето на ксенофобија и на радикализам, социјална ексклузија, дискриминација и малтретирање.
>
> На дополнителни часови менторите и наставниците дискутираат за социјалните прашања во училницата и на час, надоврзувајќи се на искуствата што претходно ги стекнале учениците. Часовите се насочени кон специфични курсеви, како што се менторски час, социјални студии и историја, но, исто така, и кариера и граѓанство, во стручно образование. Ова е пример за тоа како сведоштвата да се интегрираат во поширока програма, дури и кога има дополнителни прашања.
>
> Glejte na spletu: http://www.criticalmass.nl

## 3.6 Интернетот и социјалните медиуми

Сведоштвата може да се снимаат и да се објават на интернет, на пример, на Јутјуб или на Фејсбук, или да се рашират преку социјалните медиуми или по електронска пошта. Употребата на интернет може да биде корисна за дистрибуцијата на наративите. Интернетот дозволува пристап до поголема публика и релативно е лесно средство за дистрибуција. Освен тоа, дистрибуцијата не одзема толку време и потребни се помалку ресурси на жртвата, која ќе го даде сведоштвото само еднаш за време на снимањето.

Главни предизвици од користењето на интернет се времето и контекстот на гледање, кои се непознати, како и публиката што ќе ја следи содржината. За поширок контекст, може да се соберат сведоштва на интернет-страница или на форум. Интернет-страниците може да обезбедат информации, да инспирираат и да создадат свест и да ги активираат луѓето, но и да поттикнат социјални мрежи и да обезбедат библиотека со информации и работилници за наставниците и експертиза за медиумите. Ако на интернет е достапен поширок контекст, тоа може да привлече помалку читатели.

[5] Видете на интернет: http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-we- do/networks/radicalisation_awareness_network/docs/manifesto-for-education-empowering-educators-and- schools_en.pdf

При споделувањето на сведоштва преку интернетот и социјалните медиуми треба да се биде свесен дека тоа ќе има негативни реакции кај жртвата или кај групата на која ѝ припаѓа. Активноста на жртвата на интернет може да создаде ризици, како што е злоупотреба на содржината или негативно влијание врз жртвата (нејзината репутација или карактер) бидејќи информациите на интернет се јавни за сите.

Иако жртвите како такви се сметаат за кредибилни, корисниците на интернет може нема да посетат интернет-страница на организацијата на жртвите со експлицитна желба за да гледаат сведоштво. Поради тоа, сведоштвата треба да се интегрираат на други интернет-страници и да ги прикажуваат и други организации, а не само организацијата на жртвите. Сведоштвата или линковите до нив, на пример, може да формираат дел од младинската заедница на интернет. Ова е пристап оддолу нагоре со покредибилен преносник.

Се чини дека најефикасна е комбинацијата од онлајн и офлајн-активности, со иста порака. Содржината на интернет нема контекст или остава празен простор меѓу целната група и лицето што ја праќа пораката. Оваа празнина може да се премости преку конвенционално ширење на информациите. Интернетот и социјалните медиуми може да создадат рефлексија, па дури и да предизвикаат сомнение кај некого.

Воспоставувањето врски меѓу луѓето (премостување и поврзување) со потенцијал да се смени мислењето на луѓето тешко се постигнува во релативна анонимност. Контактот лице в лице со целната група е важно за создавање свест и може да ги промени ставовите.

Тешко се следат ефектите од активноста на интернет. Тешко се утврдува дали одредена активност дошла до целната публика и дали се пренесува вистинската порака. Следењето на мерливите резултати, како што се преглед на страници, „лајкови“ и други форми на статистички информации што може лесно да се соберат со софтверски програми, може да помогне да се утврди дали била достигната целната група. Сепак, ова нема да даде преглед на ефектите од пораката и за тоа дали целната група ја издвоила вистинската порака. Потребно е квалитативно истражување за да се определат ефектите на целната група.

Интернетот и социјалните медиуми може да се користат од жртвите (и организациите на жртвите) за цели што се различни од директното прикажување на сведоштвата пред публика, како што е прикажано подолу:

- Да се создаде база на податоци на историски факти;
- Да се биде онлајн-активист, на пример, кредибилен глас што на интернет се справува со говорот на омраза и со радикализацијата на интернет;
- Да им се помогне на луѓето што го поддржуваат вашиот случај во општеството давајќи им платформа и обезбедувајќи им информации за да им се помогне во работата на терен. Да се поддржат родителите што сакаат да дискутираат за одредени теми со своите деца или дури и да се отвори линија за помош.

Мапата на теророт од Колективот на жртвите на тероризам (Collective of Victims of Terrorism (COVITE) (Шпанија) ја користи моќта на комуникацијата на интернет обезбедувајќи текстови, видеа и слики на местата каде што се случиле нападите. Целата содржина се користи преку мултимедијални алатки за да се стави тероризмот во контекст и за да се објасни како насилниот радикализам може да уништи животи.

Видете: http://mapadelterror.com/en

## Поглавје 4 Како да се справат со медиумите

Терористичките напади, главно, имаат цел да го погодат јавното мислење, повеќе и од самите жртви. Медиумите и терористите се потребни едни на други, тие имаат симбиотска врскаб. Тероризмот цели кон раскажување на приказните, но не преку очите на жртвата, туку преку очите на гледачите. Тероризмот го бара погледот на гледачите, од една страна, ширејќи терор и страв, а, од друга страна, тоа е конкретна пропаганда за регрутирање, во симбиотска врска со медиумите. Жртвите и нивните здруженија сакаат да ја побијат и одново да ја раскажат таквата перспектива од свој аспект, а која ги содржи нивните приказни, сведоштва, јавни говори и интервјуа. Но како организациите на жртвите (и жртвите) може да ги користат медиумите за да испорачаат контракомуникација што ќе цели кон спречување насилен екстремизам и тероризам?

Една од предностите на медиумите е дека може да се дојде до поголема публика. Лошата страна е што организациите на жртвите губат контрола над пораката. Двете страни (организациите на жртвите и медиумите) треба заемно да користат со ширењето на пораката. Ова значи содржина што е во согласност со пораката на жртвите. Предвид треба да се земе оваа разлика во целите.

Во зависност од околностите, секоја страна може да ѝ пристапи на другата. Оттука, главни прашања се:

1. Како организациите на жртвите (и жртвите) може активно да ги користат медиумите за да пренесат конкретна порака за да се спречи насилен екстремизам? Кога таа е ефикасна? Кога е од интерес за медиумите?
2. Како треба да реагираат организациите на жртвите (и жртвите) кога ќе им пристапат медиумите (реакциски)? Кога тоа е ефикасно? Кога е од интерес за организацијата на жртвите?




***Слика 1 Односи меѓу организациите на жртвите и медиумите***

Поглавје 4 се концентрира на организациите на жртвите што се справуваат со медиумите, но, исто така, се однесува на жртвите и на други организации што се справуваат со спречувањето радикализација и со улогата на медиумите. Повеќето од научените лекции се применуваат од двата аспекта што опишани погоре, без оглед дали се пристапува активно до медиумите или како одговор на приоѓањето од медиумите.

Има разлика меѓу содржината на сведоштвото во медиумите и формата на сведоштвото. Формата е стилот, каналот или медиумите што се користат за да се пренесе сведоштвото. Содржината се однесува на темата. Подготовката на интервјуираниот и на новинарот се клучни. Портпаролот на организацијата на жртвата (која може да биде жртва) треба да се советува, обучува и да се поддржува од организацијата на жртвата или од експертот за тоа како да се справи со медиумското внимание.

За организациите на жртвите потребна е подготовка во поширок размер, на пример, развој на комуникациски план или стратегија. Слично, градењето и одржувањето добра врска меѓу организацијата и медиумите се важни бидејќи ова може да помогне да се пренесе пораката.

## 4.1 Содржина

За да го привлече медиумското внимание, организацијата на жртвата треба да ја направи приказната интересна и лесно сварлива за новинарите и за уредниците: да се пишува или да се зборува јасно, идеите да се изразуваат живо, да бидат релевантни и интересни. Медиумите сакаат нови агли во однос на приказната. На пример, ова може да се постигне со поканување на ВИП-лица како портпароли. Со ангажирањето ВИП-лице може да бидете сигурни дека ќе се пренесе вистинската порака.

Друг начин за да се привлечат медиумите е преку нагласување на нешто ново: ново сведоштво, настан, концепт, пристап или годишнина. На пример, да се користи моментот, односно ден за паметење на жртвите за да се предизвика поголемо внимание и да се нагласат релевантните прашања, проекти итн. За да се додаде длабочина на приказната, темата може да се стави во поширок политички контекст или да се поврзе со неодамнешен настан, при што се нагласува дека приказната /работата се поврзува со овој настан со користење на сведоштвата на жртвите што имаат значителен линк со неодамнешен терористички настан.

Приказните „Дејвид против Голијат" се популарни. Мала група лица се борат за правда наспроти големо тело, тоа може да е државата, правниот систем или радикално или екстремистичко движење. Генерално, печатот не бара многу комеморации затоа што тие се годишни и не се спектакуларни. Може да се направи исклучок за значајни годишнини, на пример, пет или десет години. При обид приказната да се направи поинтересна за медиумите, како што е опишано погоре, задржете ја поврзаноста со личната приказна. Основната приказна е индивидуалната автентична приказна.

Подолу се дадени неколку совети за тоа како да се предизвика медиумски интерес:

- Бидете сигурни за вашата порака (што сакате да пренесете, зошто и зошто сега);
- Создадете ефикасен и разбирлив наратив; совладајте го и верувајте во него;
- Не обидувајте се да пренесете премногу информации, туку фокусирајте се на главната порака. Избегнувајте контрадикции и збунетост во наративот;
- Бидете кохерентни и фокусирајте се на суштината на пораката;
- Избегнувајте да бидете институционални. Останете автентични;
- Не правете наметнувања што се премногу самоуверени или генерализирани (за работата или за претставената група) затоа што тие ќе останат долго време со групата или со организацијата;
- Не зборувајте за финансирање;
- Не бидете инструмент или алатка за новинарот, политиката или за идеологијата;
- Бидете креативни во комуникацијата;
- Обидете се лично да дојдете до медиумите.

## 4.2 Форма

Формата е стилот, каналот и медиумот што се користени за сведоштвото. Кога соработуваат организациите на жртвите и медиумите, тие може да имаат различни очекувања за тоа како да се раскаже приказната. На пример, меѓу новинарите и интервјуираните често постои разлика во перцепцијата за должината на покриеноста.

Новинарите сметаат дека две минути во телевизиските вести се доволно долго, а жртвата што сака да ја раскаже приказната смета дека тоа е многу кратко. Двете страни треба јасно да си кажат своите очекувања заради соработката и за да се избегне разочарување.

Подолу се дадени неколку совети за ова.

- Едно соопштение за печат може да не функционира затоа што секој ден во печатот има многу такви. Користењето неколку канали за комуникација (на пример, исто преку социјалните медиуми) дава впечаток дека нешто е релевантно.
- Повикувањето на новинарите по соопштението за печат може да биде корисно за да се нагласи пораката.
- Кажете му на новинарот да го цитира името на организацијата заедно со името на жртвата.
- Кога е релевантно, објавете колумна за да се изразите како експерт.
- Предизвикајте медиумско внимание поканувајќи познати и јавни лица, функционери, лидери, амбасадори и говорници.
- Архивирајте го целото медиумско внимание во отворена база на податоци што може да се користи од организацијата на жртвата, но и од други медиуми.

„Project Papillon" од Association française des Victimes du Terrorisme (AfVT) (Франција) зближува група млади жртви на тероризам на возраст од 15 до 23 години. Групата учествуваше во секојдневни групни дискусии што ги водеа психолози и организираше спортски и рекреативни активности.

Проектот беше претставен пред медиумите и тие го прифатија. Сите написи што беа објавени за проектот се архивирани и може да се прочитаат на интернет-страницата.

Видете на интернет: http://www.afvt.org

## 4.3 Подготовка

Организацијата на жртвата треба да направи генерална подготовка пред да почне работењето со медиумите. Тоа значи комуникациска стратегија и план, вклучително и политика за печат, практичен сет на правила за тоа како да се постапува со печатот. Во тој план треба да се одредат комуникациските цели, да се опише улогата на организацијата на жртвата и, ако е возможно, да се обидете да бидете врска меѓу жртвите и медиумите. Како организација на жртвата, важно е да ги познавате жртвите со кои работите за да го изберете најдобриот портпарол што има најдобра способност за да зборува со медиумите.

Покрај тоа, организациите на жртвите може да ги поддржат жртвите во справувањето со медиумите со советување и да им ја зголемат самопочитта. Сепак, не дозволувајте ова да создаде приказни на кои им недостига автентичност. Кога подготвувате жртва да зборува со медиумите, дајте ѝ два или три примери на проекти или програми од вашата организација, што овозможува полесно да се објасни што прави организацијата. Откако ќе помине на медиумите, проверете ги социјалните медиуми за да видите како била примена приказната од јавноста и каква е повратната реакција.

Подолу се дадени други лекции како да се подготвите за медиумско внимание.

- Однапред размислете за тоа колку лична треба да биде приказната. Новинарите сакаат лични приказни. Приказните не може да се повлечат откако ќе се објават.
- Пред интервјуто, откријте повеќе за медиумскиот канал, неговиот квалитет, за гледаноста и агендата, претходни слични прилози на вести и за новинарот.
- Совладајте го секој дел од пораката и приспособете ја пораката според барањето на медиумот.
- Брзо подготвените програми со широк опсег имаат тенденција многу бледо да ѝ дадат идеја на организацијата за тоа што го работи организацијата.

Жртвите и организациите на жртвите треба да бидат свесни за ефектот што изложеноста во медиумите ќе го има врз жртвите и нивните семејства, краткорочно и долгорочно. Медиумите ги вадат луѓето од нивниот анонимен живот. Медиумските проекти лесно се следат подолг период и повторно може да се користат целосно или делумно за пренесување или за издавање. За да се справат со последиците од станувањето јавна фигура, жртвите мора да бидат поддржани и советувани од организациите.

## 4.4 Медиумски односи

Од клучно значење е да постои одржлива врска со медиумите. Во овие околности тие може да понудат голема поддршка во ширењето на пораката и во работата на организацијата на жртвата. За да се направи ова, инвестирајте во врската и останете во интересот на медиумите (како што е опишано во делот Содржина).

Следните препораки ќе помогнат да се одржи трајна врска со медиумите:

- Да се изберат новинари и медиумски канали со кои ќе се работи, фокусирајќи се на оние што се од интерес за градење долгорочна врска.
- Обидете се медиумите да ве перципираат како специфичен учесник/ експерт во областа жртви на тероризам.
- Подгответе политика за печат и назначете портпарол за организацијата.
- Одржете контакт со печатот и архивирајте ги сите медиумски делови.
- Ексклузивните приказни може да бидат ефикасни бидејќи тие ги ставаат новинарите во уникатна позиција. Од друга страна, сепак, ова може да предизвика другите медиуми да ја запоставаат приказната. Овој ризик може да се минимизира ако секогаш не му се дава ексклузивност на ист новинар/медиум. Важно е да се задржи неутралната позиција, во смисла на тоа дека ексклузивното објавување во десничарски или во левичарски медиуми може да ѝ даде политички наклон на вашата приказна.

## Поглавје 5 Соработка со претходни престапници

Соработката меѓу жртвите на тероризам и поранешните престапници може да ја зголеми свеста за радикализацијата и да помогне да се спречи насилниот екстремизам. Сепак, ова не е единственото решение за спречување екстремизам.

> „Поранешен престапник“ е поранешен радикален активист, некој што порано имал екстремистички идеи и однесување. Поранешен престапник е дерадикализиран и/или го напуштил радикализацијата.
>
> Мора да има промени во однесувањето, како што е одбивање насилство (Horgan and Braddock, 2010).
>
> Сепак, за да се биде дерадикализиран потребна е поголема промена на идеалите во однесувањето (Metzger, 2013; Ganor and Falk, 2013).

Таквата соработка има сензитивна природа и има одредени предуслови што се наведени во ова поглавје. Ризиците треба да се минимизираат и, секако, секој поранешен престапник нема да биде способен да соработува со жртвите и обратно.

Соработката со поранешните престапници и со жртвите може да даде корисен наратив само ако поранешните престапници се дерадикализирани и се способни да објаснат зошто и како сфатиле дека нивниот насилен екстремизам бил погрешно средство за постигнување на нивните цели. Поранешните престапници треба да ги осудат терористичките дела/идеи пред да ѝ ја раскажат својата приказна на публиката (на пример, не треба само да напуштат, туку и да се дерадикализираат). Поранешните радикални активисти што учествуваат во работата за БНЕ мора да се дистанцирани од екстремистичкото размислување или однесување со откажување од одредена група или со одбивање на насилството што го правеле некогаш.

Во некои ситуации можен  фактор за компликација е тоа што сторителите, исто така, може да се сметаат себеси за жртви. Понекогаш, како во граѓанска војна, луѓето може да се во две позиции, т.е. и жртва и сторител. Покрај тоа, сторителите може да се сметаат себеси за жртви на нивните околности (на пример, како резултат на нивната социоекономска позиција).

Во некои земји поранешните престапници и жртви соработуваат на проекти за создавање свест за опасностите од насилен екстремизам, како што е во Обединетото Кралство и во Ирска, каде што се водат неколку такви програми. Во други земји, пак, таквата соработка се смета за табу, на емоционална, политичка или на етичка основа.

West London Initiative служи како пример за работење со „поранешни престапници“. Организацијата работи на основно ниво и екипирана е со поединци со исто потекло и вешти и искусни стручни лица.

Ова овозможува организацијата да организира различни интервенции, настани, проекти и работилници, каде што цел е да се едуцира, зајакне, да се изгради отпорност и да се промовира учество во граѓанското општество. Значителен фактор е способноста да се дојде до млади луѓе до кои тешко се доаѓа преку иновативни интервентни методи направени според потребите на секое од лицата што учествува.

## 5.1 Моќта на двете страни на монетата

Ефикасноста на соработката меѓу поранешните престапници и жртвите зависи од различни фактори и се разликува од ситуација до ситуација. Предност на таквата соработка е тоа што публиката ги слуша двете страни на приказната, со што се зголемуваат наративот/сведоштвото, пораката и, всушност, разбирањето на пораката.

Користењето на двете приказни помага да се тргне гламурот од терористите, како и (ефектот на) насилниот екстремизам: на пример, кога поранешен престапник зборува за животот в затвор, а жртвата за загубата на саканиот. Сведоштвата може да ѝ помогнат на публиката подобро да го разбере „другиот“ преку такви лични приказни. Се нагласува човековиот аспект и се спречува дехуманизирањето на „другиот“.

Сведоштвата на жртвите и на другите може да бидат ефикасна (јавна) алатка за медијација и може да помогнат да се прекине циклусот на негативност, така што ги поправа прекинатите врски и заедници. Во некои ситуации публиката може да се угледа на поранешните престапници и тогаш влијанието на поранешниот престапник може да биде поефикасно од приказната на жртвата.

Освен тоа, жртвата и поранешниот престапник може да учат еден од друг и од своите приказни — работењето заедно како жртва и сторител, исто така, е чин на самолекување. Нивната соработка може да служи и како пример за другите жртви и поранешни престапници.

## 5.2 Предуслови за соработка

Пред да се почне соработка неопходно е да се направи разлика меѓу различните фактори. Покрај жртвите и поранешните престапници, сведоштвата на роднините на двете групи, исто така, се од интерес, како и сведоштвата на лицата што малку недостигало да станат екстремисти, но се повлекле. Интересот на оваа група лежи во одредени елементи, на пример, што ги запрело во последен миг, кои биле факторите на отпорност и како може да се активираат. Роднините на поранешните терористи може да се помалку конфронтирачки и не толку комплицирани за соработка со жртвата.

Предусловите за користење на сведоштвата, исто така, се применуваат во соработката со жртвите и поранешните престапници. Соработката треба да формира дел од поголема програма, поранешниот престапник и жртвата треба да се добро подготвени и поддржани и ментално способни да работат, а публиката треба да биде однапред информирана и подготвена.

Модераторот (наставник, обучувач, лидер на дискусија итн.) мора претходно да дискутира за насловот и за контекстот, да ги објасни историските факти, да се справи со очекувањата и да ги зајакне отпорноста на публиката и капацитетот за критичко размислување. Покрај тоа, тој мора да ја засили последователната дискусија за да се максимира позитивниот ефект на сведоштвата. Дали еден поранешен престапник и жртва се подготвени да го изнесат своето сведоштво зависи од поединците и од околностите. Покрај тоа, жртвата и поранешниот престапник треба јасно да ги кажат своите потреби, со што може да се справат, како и со кого ќе соработуваат итн.

Кога сведоштвата на жртвите и на поранешните престапници се користат во иста програма/за иста пригода, не мора да се модерираат. Нема хиерархија на сведоштвата и не треба едната од страните да се чувствува дека има „морална супериорност“ над другата. Цензурирањето на сведоштвото ќе биде контрапродуктивно. Сведоштвата од жртвите и од поранешните престапници треба да се оставаат така како што се: тие се лични приказни и двете страни имаат право да ги раскажат. Ако жртвата или поранешниот престапник не може да се справи со раскажувањето на приказната, тогаш нема да има соработка. Пред да се оствари соработка клучно е двете лица да се сретнат, да се запознаат подобро и темелно да ја подготват соработката.

Поранешните престапници може да бидат во фокусот на вниманието затоа што нивните сведоштва може да им бидат најпривлечни на младите, особено поради елементот на „акција и авантура“ што честопати се смета за атрактивен. Поранешните престапници активно се бореле за одредена цел. Ова може да создаде гламурозна слика за лицето и за екстремистичката идеологија. Двете страни треба да бидат свесни за предрасудите и да се обидат балансирано да го задржат вниманието. Една можност е сведоштвото на поранешниот престапник да се вклучи како помал дел во програмата.

Поранешните престапници не треба да се фокусираат само на своите лични биографски причини за радикализирање („зошто“). Може да има неколку лични проблеми што придонесуваат за нивниот радикализам. Но личните биографски причини не може да дадат целосно и сеопфатно објаснување за вршењето терористички дела. Наместо тоа, тие треба да објаснат каков избор имале, кои биле нивните алтернативи, кои луѓе ги запознале итн. (процесот „како“). Треба да се забележат критичните точки и да се одредат настаните што биле одлучувачки во тоа што ги водело кон насилен чинј.

Соработката може да се оствари на различни начини: директни сведоштва на едно место со публиката или сведоштва запишани или снимени на филм. Изборот на медиумот зависи од целта, ситуацијата, публиката и од саканиот ефект. Организацијата што ги користи

сведоштвата треба да биде свесна за локалниот контекст и да ги користи тие сведоштва и канали за комуникација во зависност од локалниот контекст (да ги приспособи на ситуацијата). Контекстот и потребите на жртвата и на поранешниот престапник треба да се земат предвид затоа што може да влијаат врз нивната порака и да создадат тешкотии. Важно е да се знае дали жртвата и поранешниот престапник биле во ист терористички напад, ист конфликт или иста форма на насилен екстремизам (десничарски екстремизам, џихадизам...) за да се подготви нивната интервенција.

Потребно е повеќе истражување за ефектот на сведоштвата на поранешните престапници и на жртвите и, секако, на влијанието и на ефектот од нивната соработка.

**Translated within:**

FIRST LINE STOP Radicalization

Co-funded by the Internal Security Fund of the European Union